**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
Одделение за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина
**Бр. 11-475/3**
**08.08.2024год.**
**Гевгелија**

Градоначалникот на општина Гевгелија врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20 и 111/23) ја издава следната

**П О Т В Р Д А**
**за заверка на одобрена планска програма**

Се одобрува Планска програма за изработка на Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 10 и Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од Блок 10.5) – Обединета постапка КО Гевгелија, општина Гевгелија со тех.бр.0304-057 од 15.07.2024год.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Барателот Друштво за трговија на мало ЛИДЛ Северна Македонија со седиште на Бул.,,Киро Глигоров,, бр.2/3 во Скопје преку полномошник ДГАТП ,,СТОУН ФОРМ,, дооел Гевгелија во електронскиот систем е-урбанизам (постапка бр.63932) поднесе барање за одобрување на Планска програма заведено под арх.бр.11-475/1 од 29.07.2024год., а изработена од ДГАТП ,,СТОУН ФОРМ,, дооел Гевгелија, за Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 10 и Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од Блок 10.5) – Обединета постапка КО Гевгелија, општина Гевгелија.

Со барањето ја приложи следната документација:

1. Планска програма со технички број 0304-057 од 15.07.2024год. изработена од ДГАТП ,,СТОУН ФОРМ,, дооел Гевгелија.

2. Графички приказ на Планска програма со граница на плански опфат.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение број 08-1793/1 од 13.11.2023година, по разгледувањето на приложената документација со барањето, констатира дека истото е основано и Планската програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог за одобрување број 11-475/2 од 29.07.2024година.

Градоначалникот на општина Гевгелија по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20 и 111/23). Врз основа на тоа, се одобрува планската програма и на истата се врши заверка.

Градоначалник на
општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Andon Saramandov
Digitally signed by Andon Saramandov
Date: 2024.08.08 09:21:52 +02'00'